Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/6
19.06.2022 год.
СКОПЈЕ

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

**БРОЈ 247**

**Скопје, 14.06.2022**

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор на наставник од областа на економија на трудот и маркетинг при Американски Универзитет за Европа - ФОН во Скопје ………………………………….4141

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМИЈА НА ТРУДОТ И МАРКЕТИНГ

Врз основа на конкурсот, распишан во весникот Нова Македонија од 19.04.2022 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во областа на економија на трудот 50320 и маркетинг 50325, Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа- ФОН на седницата одржана на 25.05.2022 година донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- Проф. Д-р Мирко Трипуноски
- Проф. Д-р Лазар Арсовски
- Доц. Д-р Марина Кантарџиева

По прегледот на доставената документација, врз основа на Законот за високо образование и Статутарните одредби на Американскиот универзитет на Европа-ФОН од Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен од Американскиот универзитет на Европа- ФОН во дневниот весник Нова Македонија од 19.04.2022 година, за избор на наставник од областа на економија на трудот 50320 и маркетинг 50325 се пријави еден кандидат и тоа: д-р Горан Голубовски.

Пријавата на кандидатот Горан Голубовски ја проучивме и по однос на истата ги изнесуваме следниве констатирани факти:

- **Библиографски податоци**

Кандидатот д-р Горан Голубовски е родена на 31.01.1980 год. во Скопје, Република Македонија.

Дипломира на Англо-американскиот колеџ во Прага, Република Чешка во 2002 година со што се стекнува со звањето **дипломиран економист.** Предвидените испити од наставната програма ги положува со среден успех од 9,04. Целокупната додипломски програма ја слуша и полага на англиски јазик.

На постдипломски студии на Универзитетот Њу Јорк во Прага, Република Чешка во соработка со ЕСКЕМ од Франција успешно се запишува во учебната 2002/2003 година каде предвидените испити од наставната програма ги положува со извонреден среден успех од 9,92 а воедно е прогласен и за топ 3 студент во кохортата.

Во 2004 година Голубовски успешно го одбранува магистерскиот труд на тема: "Извозните можности на македонската винска индустрија" со што се здобива со научен степен **магистер по економски науки во областа на деловна администрација и европски менаџмент**. Целокупната постдипломска програма ја слуша и полага на англиски јазик.

Во 2003 година Голубовски покажува дополнителна амбиција да ја прошири областа на своето академско знаење па така во 2005 година се здобива со звањето **дипломиран политиколог** по докомплетирањето на потребните кредити на додипломските студии по политика и социологија (со изборни предмети по новинарство) на Англо американската висока школа во Прага, Република Чешка. Целокупната програма ја слуша и полага на англиски јазик.

Во 2009 година ја пријавува својата докторска дисертација на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на тема: „Социјалното претприемништво како модел за одржливи социо- економски промени" кај проф. д-р Таки Фити како ментор.

Во 2014 година Голубовски успешно ја одбранува докторската дисертација со што се здобива со научен степен **доктор на економски науки**.

Активно ги владее компјутерските вештини, поседува сертификат по новинарство а од странските јазици има напредно познавање на англискиот и на чешкиот јазик.

- **Професионална кариера**

- **Септември 2006 – јануари 2007:** Асистент при „ Евро колеџ" во Куманово по предметот International Business Communication.
- **Јануари 2007 – јули 2007:** Assistant Account Manager при Креативната Агенција „ Поинтер", Скопје.
- **Септември 2007 – ноември 2008:** Асистент при Економскиот факултет на „Европски универзитет" во Скопје по предметите Медиуми и маркетинг, Менаџмент на мал бизнис, Основи на менаџментот и Основи на економија.
- **Декември 2012:** Раководител на проекти со странски фондации во издавачката куќа „Арс Ламина", Скопје
- **Јули 2017:** Управител во претпријатието за трговија на графички репро материјали „Флис", Скопје

**Голубовски се јавува како автор и/или коавтор на повеќе научни и стручни трудови, меѓу кои позначајни се:**

1. Golubovski, G. (2022). Building Social Capital: a road towards economic development, *Knowledge International Journal, 51*(1), 113-117.

2. Golubovski, G. & Kantardjieva, M. (2022). Triple bottom line: history, definition & obstacles to implementation, *Knowledge International Journal, 51*(1), 179-183.

3. Kantardjieva, M., Golubovski, G., & Ashtalkoska, I. (2022). TQM and marketing: two-prong contribution towards customer satisfaction, *Knowledge International Journal, 51*(1), 133-137.

4. Golubovski, G. & Kantardjieva, M. (2018). Social entrepreneurship from a quality management perspective in the process of social value creation, *Knowledge International Journal*, *23*(1), 255-261.

5. *Golubovski, G.* (2015). The dual Identity of Social Entrepreneurship: How Market Orientation Influences Social Mission, *Fifth International Conference: Knowledge - Capital of the Future,* April 2015, Bansko.

6. Голубовски, Г. (2009). Социјалното претприемништво како катализатор на локален економски развиток, *Меѓународниот конгрес за туризам и менаџмент на тема „ Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот*, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на пристигнатите документи, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Горан Голубовски со својот научен и стручен придонес во континуитет придонесува за развојот и афирмацијата на науката во областа на економија на трудот и маркетинг.

Д-р Горан Голубовски е исклучително плоден научен работник кој постигнал, досега, завидни резултати во својата работа. Од увидот во неговата досегашна работна биографија, можевме да се увериме дека тој располага со богата стручна, научна и педагошка работа од областа за која се пријавува за што сведочи и неговото работно искуство.

Комисијата цени дека кандидатот д-р Горан Голубовски ги исполнува пропишаните законски норми за избор во наставно-научно звање, бидејќи таа го поседува потребното стручно и научно искуство што е неопходно за обавување на наставно-научната дејност од областа на економија на трудот и маркетинг согласно распишаниот конкурс.

Според тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно Научниот совет на Факутетот за економски науки на Американскиот универзитет на Европа- ФОН, да го избере кандидатот д-р Горан Голубовски за наставник во

областа на на економија на трудот  и маркетинг во звањето – доцент.

**Скопје,**

**Рецензентска комисија:**

---

**Проф. д-р Мирко Трипуноски - претседател,**

---

**Проф. д-р Лазар Арсовски - член,**

---

**Доц. д-р Марина Кантарџиева - член.**